01.08.2013

У-5.бр.1052/2011

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Виолета Богојеска - претседател на совет и судиите Даниела Антовска и м-р Есма Алибашиќ Јонуз - членови на советот, со записничар Јован Трпевски - раководител на одделение, решавајќи по тужбата на тужителот Здружение на граѓани АВТО МОТО СОЈУЗ Скопје, поднесена преку полношникот Даниела Михајловска, адвокат од Скопје, против Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.08-158/5 од 12.09.2011 година, за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на ден 01.03.2013 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Тужбата на тужителот Здружение на граѓани АВТО МОТО СОЈУЗ Скопје, против Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.08-158/5 од 12.09.2011 година, СЕ ОТФРЛА КАКО НЕНАВРЕМЕНА.

---

О б р а з л о ж е н и е

Тужителот со тужба за управен спор го оспори во целост решението на тужениот орган означено во диспозитивот на пресудата, поради погрешно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог истото да се поништи.

Тужениот орган во одговор на тужба предложи тужбата на тужителот да се отфрли како ненавремена, а воедно остана кон наводите изнесени во оспореното решение.

По претходно разгледување на тужбата судот најде:

Тужбата е ненавремена.

Видно од списите на предметот доставени од Комисијата за заштита на конкуренцијата, Решението бр.08-158/5 од 12.09.2011 година, уредно е примено од страна на тужителот Здружение на граѓани АВТО МОТО СОЈУЗ Скопје, на ден 12.09.2011 година. Тужителот имал право да поведе управен спор пред Управниот суд Скопје во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение. Рокот од 30 дена истекувал на 12.10.2011 година (среда), а тужбата е предадена во Судот по пат на препорачана пратка по пошта на ден 13.10.2011 година. Од изнесеното, јасно произлегува дека тужбата е поднесена по истекот на рокот од 30 дена предвиден со закон и определен во правната поука на решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 20 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/06 и 150/10), тужбата се поднесува во рок од 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката.

Согласно член 21 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/06 и 150/10), тужбата му се предава на Управниот суд непосредно или му се испраќа по пошта.

Согласно член 26 став 1 точка 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/06 и 150/10), Управниот суд со решение ќе ја отфрли тужбата, ако утврди дека тужбата е поднесена ненавремено. Согласно став 2 од истиот член, Управниот суд ќе ја отфрли тужбата во секој стадиум на постапката.

Со оглед на наведеното, следуваше Судот да одлучи како во изреката на ова решение.

Решено во Управниот суд на ден 01.03.2013 година, под У-5.бр.1052/2011.

Записничар -раководител на одделение Јован Трпевски с.р.

Претседател на совет - Судија Виолета Богојеска с.р.

**ПРАВНА ПОУКА:**Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот на истата преку овој суд до Вишиот управен суд.

ИК/

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
УПРАВИТЕЛ НА СУДСКАТА ПИСАРНИЦА